Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно членот 91 став 3 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 .....96/19) членот 68 став 5 од Судскиот Деловник (Службен весник на РМ бр.66/2013 и 114/14) и членот 32 став 3 ичлен 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.14/22 и 199/24), расправајки по правното прашање од интерес за работата на сите совети во судот и воедначување на судската практика, на седницата одржана на ден 10.12.2024 година, го утврди следниот

З А К Л У Ч О К

Врховниот суд на Република Северна Македонија, при одлучување ќе цени дали судската такса за ревизија или одговор на ревизија е платена или дали е пратено барање за присилна наплата на таксата до Управата за јавни приходи, а доколку не е исполнет еден од наведените услови, предметот административно ќе се врати до првостепениот суд за да се регулира постапката за наплата на судската такса.

О б р а з л о ж е н и е

Пред советите на Врховниот суд на Република Северна Македонија се постави правното прашање, дали Врховниот суд на Република Северна Македонија при одлучувањето по вонреден правен лек треба да внимава дали судската такса за ревизија и одговор на ревизија е платена или дали е пратен налог за присилна наплата на судска такса за ревизија и одговор на ревизија до Управата за Јавни Приходи на РСМ.

Од тие причини, Одделот за граѓански дела на седница одржана на ден 10.12.2024 година расправаше по конкретното правно прашање и го утврди заклучокот, поради следните причини:

Со Заклучок на Оделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија од 23.10.1998 година, заклучено е дека Судот ќе ја опомене странката за неплатената такса и ќе ја предупреди на последиците кои ќе настанат од обврската од член 30 од Законот за судски такси и од член 142 став 2 од Законот за парничната постапка. Ако и после овој рок не се плати таксата, ќе се побара наплата за неплатена такса од Управата за јавни приходи на чие подрачје таксениот обврзник има живеалиште (седиште) таксата да се наплати по присилен пат. По добивање на известие од Управата за јавни приходи дека таксата е наплатена, судот ќе продолжи со постапката по предметот. Согласно став 2 од исиот Заклучок, неплатената такса за одбранбени процесни дејствија (одговор на тужба, жалба и слични правни средства ја задржува постапката се додека судот не испрати акт за присилна наплата преку Управата за јавни приходи.

Со Законот за судските такси се уредува плаќањето на судските такси, за дејствија пред судовите во Република Северна Македонија и Таксената тарифа.

Согласно член 6 став 1 од овој Закон: „Нецелосно платената или неплатената такса го задржува текот на судската постапка, ако со овој или друг закон поинаку не е определено.“

Во член 8 од цитираниот закон е определено дека: „Судските такси се приход на Буџетот на Република Македонија.“

Согласно член 27 став 1 од истиот закон: „Ако судот прими поднесок од странка, за кој не е платена такса или таксата не е платена целосно, или ако странката не доставила потврда за платената такса која се плаќа во готови пари, судот на подносителот ќе му достави налог за плаќање на таксата со укажување дека е должен да ја плати во рок од пет дена од денот на приемот на налогот и воедно ќе ја предупреди странката за последиците од неплаќање на таксата. Во овој случај странката плаќа такса и за доставениот налог за плаќање.“

Според член 28 став 2 од истиот закон: „Ако странката не присуствува на судско дејствие за кое е должна да плати такса, судот ќе и испрати налог да ја плати во рок од три дена од денот на приемот на налогот. Во овој случај странката плаќа такса и за доставениот налог за плаќање.“

Во член 30 став 1 од Законот за судските такси, е нормирано дека доколку таксениот обврзник не ја плати таксата во рокот определен со членовите 27, 28, односно 29 од овој закон, судот во рок од три дена ќе побара од Управата за јавни приходи на чие подрачје таксениот обврзник има живеалиште (седиште), таксата да се наплати по присилен пат, а на списот ќе забележи дека од наведениот орган е побарана присилна наплата.

Согласно член 30 став 3 од истиот закон: „По известување за прием на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член од Управата за јавни приходи, судот продолжува со преземањето на дејствијата во постапката.

Во членот 146 став 2 од Законот за парничната постапка е предвидено дека судот нема да постапува по тужба ниту да преземе друго дејствие за кое не е платена судската такса.

Поаѓајќи од содржината на погорецитираните законски одредби произлегува дека судот треба да внимава дали за примениот поднесок е платена судска такса, доколку не е платена судот на подносителот ќе му достави налог за плаќање на таксата со укажување дека е должен да ја плати во рок од пет дена од денот на приемот на налогот и воедно ќе ја предупреди странката за последиците од неплаќање на таксата. Доколку таксениот обврзник – странката не ја плати таксата во определениот рок, судот ќе достави налог до Управата за јавни приходи на чие подрачје таксениот обврзник има живеалиште (седиште), таксата да се наплати по присилен пат, а на списот ќе забележи дека од наведениот орган е побарана присилна наплата. Откако ќе се врати доставницата за извршена уредна достава од Управата за јавни приходи, судот продолжува со преземање на дејствијата во постапката.

Од наведеното произлегува дека Врховниот суд на Република Северна Македонија при разгледување на списите по предметот а пред одлучувањето по вонредниот правен лек, има обврска да провери дали судската такса за ревизија и одговор на ревизија се платени, доколку не се, дали е пратено барање за присилна

наплата на судската таксата до  Управата за јавни приходи и доколу не е пратено такво барање, предметот да го врати административно до првостепениот суд кој ќе ја спороведе постапката за наплата на судската такса за ревизија и одговор на ревизија. По спроведување на оваа постапка првостепениот суд треба да го врати предметот на Врховниот суд на Република Северна Македонија за  понатамошно постапување и одлучување по вонредниот правен лек.

Со оглед на напред наведеното, Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија го донесе напред наведениот Заклучок.

Оддел за граѓански дела,